РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-4154/14
15-06-2021

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 49-тата седница одржана на ден 07.06.2021 година донесе

**ОДЛУКА**

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ________, поднесен по избор на функцијата Министер за ________ во Владата на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-4154/1 од 04.09.2019 година.

Предметот со број 08-4154/1 од 04.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-4154/1 од 04.09.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година.

Во согласност со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година, ДКСК оформи предмет за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на __________, поднесен по избор на функцијата Министер за __________ во Владата на Република Северна Македонија.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба, за имотот на ______________ и за имотот на членовите на нејзиното семејство прибави податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од надлежните институции и нивниото споредување со податоците од анкетниот лист на _______________, поднесен по избор на функцијата Министер за _______________ во Владата на Република Северна Македонија, констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч, рак.на одделение

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**